Барање: Мисија Феникс 2010 реализирана во Авганистан 2010 година од страна на припадници на АРМ.

Одговор: Во рамките на мисијата ИСАФ во ИР. Авганистан, во периодот од 01.04 до 24.11.2010 година, учествуваше и еден контингент на Армијата кој беше дел од наменските сили „ФЕНИКС“.

Во мисијата „ФЕНИКС“ во Авганистан беа распоредени 79 припадници од полкот за специјални операции (пСО) и баталјонот на Воена Полиција (бВП), кои задачите ги извршуваа заедно во состав на 86. пешадиска бригада (86th Infantry Brigade Combat Team) на Националната гарда на Вермонт,САД и на Армијата на САД.

Оваа мисија е реализирана успешно во временски период од девет месеци (еднократна ротација), а контингентот беше распореден во југоисточниот и северниот дел на Авганистан. Основни задачи на наменските сили „ФЕНИКС“ беа обука и менторирање на Авганистанската национална армија и полиција, изведување на заеднички операции за поддршка на мирот и стабилноста на Авганистан, обезбедување на високи личности од воениот персонал на НАТО и ИСАФ, како и делување со коалициските сили на НАТО и САД за поддршка на Авганистанската национална армија и полиција во изградбата на демократијата во Авганистан.

За успешното извршување на задачите, покажаниот висок степен професионализам и храброст за време на мисијата, но и за исклучителната посветеност на припадниците на АРМ во рамки на контингентот „ФЕНИКС“, пред завршувањето на оваа сложена мисија од страна на Армијата на САД доделени се медали и високи признанија на 73 припадници на АРМ, со што тие уште еднаш ги потврдија подготвеноста и високиот степен на обученост и интероперативност на АРМ за извршување на мисии предводени од НАТО.